**Известување за концентрација со која РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсферvalтунг еГен Австрија ќе стекнат контрола над РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт**
**(предмет бр. 08-30/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на предложеното стекнување на самостојна контрола од страна на **РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен** (RWA Raiffeisen Ware Austria Handel und Vermögensverwaltung eGen), со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија над **РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт** (RWA Raiffeisen Ware Austria Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија, вклучувајќи ги неговите зависни друштва.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен е земјоделска задруга која функционира како холдинг друштво. Не е самата активна економски и оттука, не остварува продажби.

РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт (или РВА Групата (RWA Group)) е конгломерат на друштва кои се занимаваат со производство, трговија и услуги, кој е претежно активен со трговија на големо во областа на купопродажба во земјоделскиот сектор на земјоделски производи, стоки (пр. семиња, пестициди, ѓубрива, добиточна храна), потрошувачки стоки (особено градежни материјали и производи за домот и градина), енергија како и земјоделска технологија и резервни делови. Дополнително, има систем на франшиза во областа на земјоделска технологија, како и за градежни материјали и пазарот за дом и градина (DIY).

РВА Групата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но изминатата година остварила приходи во Северна Македонија.

Подносителот смета дека релевантните пазари на стоки за ова Известување би можел да се дефинираат како: п***азари за производство и трговија на големо на добиточна храна, особено концентрирана добиточна храна*** и п***азари за трговија на големо на земјоделски инпути, како што се семиња, заштита на културите и ѓубрива***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.02.2025 година
Скопје